


# Повеќе за водата

**Според Светската Здравствена Организација-СЗО, само 1% од светските резерви на свежа вода се достапни за користење.**

**ФАКТИ!**

• 70% од површината на земјата е вода
• Загадувањето и другите фактори го намалуваат пристапот за 2/3
• 1,1 милијарда луѓе (1/6 од светската популација) немаат пристап до квалитетна вода за пиење
• Иако изворите на површинска слатка вода како што се реките и езерата содржат само околу 1/700-ти дел од еден процент од целокупната вода, сепак тие се извор на најголем дел од водата што ја користат луѓето
• Кога врнежите се инфилтрираат во подповршинската почва, тие формираат:
• Незаситена зона - (горниот дел е т.н Почвена зона, чија вода ја користат растенијата)






• Заситена зона - во која водата целосно ги исполнува празнините помеѓу карпите и почвените честички. Луѓето копаат бунари во оваа зона за да испумпуваат вода. Терминот подземна вода се користи за да се опише оваа површина. Друг термин е “Водоносен карпест слој - Аквифер”

**АЛАРМНО!!!**

• Од вкупно 877 милиони луѓе во СЗО/Европски регион, речиси 140 милиони (16%) немаат достава на безбедна вода за пиење во своите домаќинства, додека 41 милион (5%) немаат пристап до безбедна вода за пиење.
• Генералното Собрание на ОН во Декември 2003 год., донесе одлука декадата 2005-2015 да се нарече Интернационална декада за акција “Вода за живот”.
• 4-тиот Светски Форум за води - Мексико, Март, 2006 година.*Користењето на водите се зголеми за 6 пати во 20-ти век, 2 пати повеќе од стапката на пораст на населението и 1,1 милијарда луѓе сеуште немаат пристап до соодветно снабдување со вода за пиење.*

**Дијареа од небезбедна нечиста вода**

- 4 милијарди случаи/годишно, 1,8 милиони мртви
- Најмногу умрени се деца под 5 години
- 15% од умрените под 5 години се во земјите во развој






**<u>Човечки активности</u>**
- Истекувања во земјоделството
- Градски истекувања
- Емисии и испуштања од индустријата
- Отпадни води и отстранување на отпадот
- Процеси на третман на водата

- **До 2025 година:** 40% од светската популација ќе живее во области на воден <u>стрес.</u>
- **До 2050 година:** 25% од светската популација ќе живее во области на воден <u>недостаток.</u>

Водата е неопходна за целокупниот социо-економски развој. Потребите за чиста вода за пиење се зголемиле два пати како што се зголемувала популацијата последниве децении.

*“Водата и санитацијата се едни од примарните движечки сили на јавното здравје. Јас често го реферирам тоа како “Здравје 101”, што значи дека еднаш кога ние ќе можеме да обезбедиме пристап до безбедна вода и соодветни објекти за санитација за сите луѓе, без разлика на нивните услови за живеење, големата битка против сите видови заболувања ќе биде добиена”.*






***<u>Dr Lee Jong-wook, Генерален Директор, СЗО</u>***

• 1,8 милиони луѓе умираат секоја година од дијареални болести (вклучително колера); 90% се деца под 5 годишна возраст, најмногу во земјите во развој.
• 88% од дијареалните болести се заради небезбедно снабдување со вода за пиење, несоодветна санитација и хигиена.
• 133 милиони луѓе страдаат од инфекции со силен интензитет од цревни хелминти, што често води до остри последици како што се когнитивни оштетувања, масивна дизентерија, или анемија.
• Овие заболувања предизвикуваат околу 9400 смртни исходи секоја година.
• Секоја година се јавуваат 1,5 милиони случаи на клинички хепатитис А.
• Развојот на ресурси за вода продолжува со забрзана стапка за да се задоволат потребите за храна, влакна и енергија на 8 милијарди население во светот до 2025 година.
• Недостатокот од капацитети за процена на здравствено-еколошкиот ризик ги пренесува скриените трошоци на здравствениот сектор и го зголемува товарот на болеста на локалните заедници.






• Пристапите за управување со животната средина за здравје треба да бидат инкорпорирани во стратегиите за интегрирано управување со водените ресурси.

**ДАЛИ ЗНАЕТЕ?**

• Дека во Македонија во 2005 год. од вкупно 598 примероци вода за пиење 202 биле неисправни (33,8%) и тоа :
• 41% заради бактериолошка неисправност
• 11,7% заради физичко-хемиска неисправност
• Анализирани се 34 примероци на природна минерална вода (непакувана, во фаза на испитување на безбедност). Од нив 22 биле неисправни и тоа заради:
• 73,3% заради физичко-хемиска неисправност
• 40,9% заради бактериолошка
• 53,8 заради радиолошка неисправност
• Морталитетот од дијареални болести кај деца под 5 годишна возраст во РМ изнесува 100,6/100.000 во 1992 година, а 16,4/100.000 во 2000 година. Мт е 4 пати повисок од просекот во ЦИЕ, а 30 пати повисок од земјите на ЕУ. Најновата проценка на СЗО е дека морталитетот од дијареалните заболувања кои се припишуваат на недоволното и неправилно снабдување со вода, санитација и хигиена е причина за 13.500 смртни случаи на деца годишно, кои главно






се во групата на земји од EUR-B субрегион.

• **EUR-B: Албанија,Ерменија, БиХ, Бугарија, Полска, Романија, Србија и Црнагора, Македонија, Турција, Узбекистан...**

• EUR-A: Андора, Австрија, Белгија, Хрватска, Р.Чешка, Данска, Финска, Израел, Италија ..

• EUR-C: Белорусија, Естонија, Унгарија, Литванија, Русија, Украина …

## Заклучок

Обединетите нации ја објавија 2005-2015 година за “Вода за живот” како меѓународна деценија за акција и воспостави светска агенда со поголем фокус на нештата поврзани со водата.

*,,Не би требало да ја победиме сидата, туберкулозата, маларијата, или било која друга заразна болест што го напаѓа светот во развој, се додека исто така не ја добиеме битката за безбедна вода за пиење, санитација и основна здравствена заштита.”*

***Кофи Анан, Генерален секретар на ОН***

*Правото за вода на човекот му дава право на секого на доволни, безбедни, прифатливи, физички достапни и дозволиви води за лична и домашна употреба.”*






## МИНЕРАЛИ-ОРГАНСКИ или НЕОРГАНСКИ?

Нам луѓето како органски созданија ни се потребни минерали од органско потекло. Тоа се минерали кои нашето тело ги препознава и од кои ние имаме корист. Неорганските минерали нашето тело не ги препознава и се измачува да ги прими, создавајќи притоа потешкотии кои можат да предизвикаат разни болести.

Dr.Walker пишува: ,,Доколку личноста пие по еден литар вода дневно тоа изнесува 25.550 литри вода кој апоминува низ телото за 70 годишен животен век. Ако не е прочистена, проценката е дека таа количина на вода (25.550 литри) содржи и 90-136кг.каменец-неоргански калциум и други минерални наслаги-кои телото не може да ги искористи. Повеќе од тие неоргански минерали ќе се собираат од водата во телото, крвта и лимфниот состав за да подоцна бидат исфрлени низ каналите за излачување (измет,урина).






Но, некои од тие 90-136кг.каменец ќе останат во телото. Заради тоа што неорганските минерали не можат да бидат апсорбирани во статичните зидови како храна, тие се дистрибуираат било каде низ телото, предизвикувајќи артритис во зглобовите, бубрежен камен, затнување на артериите и сл.

Од животна важност е да се сфати разликата помеѓу органските и неорганските минерали. Водата тече низ или на површината на земјата собирајќи неоргански минерали од земјата и карпите низ кои поминува. Тоа не се минерали кои луѓето можат да ги користат. Само растенијата имаат способност за претворање на неорганските минерали од земјата во животно важни органски минерали кои можеме да ги користиме во исхраната. Од истата причина, не можеме да ги пробуваме минералите јадејќи фина земја или камења од градината. Мораме да им дозволиме на растенијата преку својот корен, од земјата, да ги превземат тие минерали и со процес на фотосинтеза да ги претворат во органски минерали кои можеме да ги користиме. Неорганските минерали од земјата се апсорбираат во површинската вода, па не можеме да имаме корист од нив повеќе отколку јадејќи камења од земјата.






**<u>Сега можете да уживате во црвеното вино .......... без промена на вкусот!</u>**

За поединците кои се чувствителни на црвено вино,една чаша може да доведе до симптоми на главоболка, до појава на мали алергиски симптоми. Frinko ® помага во намалување на овие споредни појави.

Едноставно ставете во чашата стеризирана вода

Потоа Уживајте!!!

Дневното пиење на една чаша црвено вино не само што ќе ви помогне во намалувањето на појавите на срцеви заболувања, висок холестерол туку ќе ви помогне во намалувањето на шансите за појавување на некои облици на рак, но и испитувањата од Италија покажуваат дека исто






така ќе ви помогне и во борбата со Алхајцмеровата и Паркинсовата болест.

Бенефитите кои ги носи облагодареното вино се навистина големи, настрана од комерцијалните цели, виното е вкусен, социјален, и софистициран пијалок, и би било навистина штета ако не уживате во него!.

## Вода за здраво срце?






Научниците од Универзитетот Лома Линда во Калифорнија заклучиле дека луѓето кои пијат најмалку 5 чаши вода дневно имаат најмали шанси да настрадаат од срцев удар во однос на оние кои пијат две или помалку чаши дневно.

Резултатите од ова истражување се базираат на податоците кои се собирале уште од 1976, со набљудување на 8280 мажи и 12017 жени постари од 38 години. Сите учесници на ова истражување спроведено од страна на д-р Жаклин Чен биле набљудувани во текот на шест години и го забележувала процентот на срцеви заболувања. Со текот на времето, 246 луѓе починале од срцеви заболувања.

За жените кои пиеле повеќе од пет чаши вода дневно, шансите за појава на срцеви заболувања била за 41% понизок, додека мажите кои ја пиеле истата количина вода го намалиле ризикот од срцев удар за цели 54%.

Овие резултати д-р Чен ги објаснува со фактот дека внесувањето на поголема количина на вода го намалува ризикот за создавање на крвни чепови, кои можат да






предизвикаат срцев удар.
За разлика од алкохолот и аспиринот кои исто така го намалуваат ризикот од срцев удар, а можат да предизвикаат други здравствени проблеми, Чен нагласува дека водата е
евтина и безопасна.***Нејзиниот заклучок е: „Водата може да Ви направи само добро“.***

**Што е SPINA BIFIDA?**

Употребата на вода за пиење која содржи големо количество на хлор може да предизвика спонтани абортуси и Spina bifida.

Spina bifida е дефект на невралната цевка






(пореметување каде доаѓа до некомплетен развој на мозокот, ’рбетниот мозок и/или нивните заштитни обвивки) предизвикан од неуспешното затварање на ’рбетниот столб кај фетусот за време на првиот месец на бременост. Новороденчињата родени со Spina bifida понекогаш имаат отворени лезии на ’рбетниот столб, каде се појавува значителна штета на нервите и ’рбетниот мозок. Иако отворот на ’рбетниот столб може да се санира по хируршки пат веднаш по раѓањето, сепак оштетувањето на нервите има постојан карактер и резултира со различни степени на парализа на долните екстремитети.

Дури и кога нема лезија, сепак може да има лошо формирани ’рбетни прешлени или пак нивно отсуство пропратени со оштетување на нервите. Во прилог на проблемите со движењето, некои индивидуи имаат проблеми со неспособност за учење. Spina bifida исто така може да предизвика компликации со бешиката и многу деца со заболени од оваа болест страдаат од хидроцефалус (претерано насобирање на церебро-спинална течност во мозокот).






Electrolux Bitola
Ul.Braka Mingovi.br 18   P.fax.52
electrolux@t-home.mk
Macedonia




Sterilizacija na Voda
www.consulting-solution-palenzo.mk
www.electroluxpalenzo.mk


047/203 330
02/3298 130
www.electroluxpalenzo.mk